„Кој ќе изговори кога ќе го слушне езанот: ‚Аллахумме Раббе хазихид-да’ветит-таммети вес-салатил-каимети, ати Мухаммеденил-весилете вел-фадилете, веб’асху мекамен махмуденил-лези ве’адтеху. (Аллаху мој, Господару на овој совршен повик и на намазот чие време е сега, дај му го на Мухамед посредништвото и добрината и оживеј го на достојното место кое си му го ветил).‘ Нему ќе му биде дозволено моето застапништво (шефат) на Судниот ден.“

Џабир бин Абдулах, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој ќе изговори кога ќе го слушне езанот: ‚Аллахумме Раббе хазихид-да’ветит-таммети вес-салатил-каимети, ати Мухаммеденил-весилете вел-фадилете, веб’асху мекамен махмуденил-лези ве’адтеху. (Аллаху мој, Господару на овој совршен повик и на намазот чие време е сега, дај му го на Мухамед посредништвото и добрината и оживеј го на достојното место кое си му го ветил).‘ Нему ќе му биде дозволено моето застапништво (шефат) на Судниот ден.“

[صحيح] [رواه البخاري]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, појаснува дека оној кој ќе ја изговори оваа дова кога ќе го слушне муезинот, откако ќе заврши со езанот: „Аллахумме Раббе хазихид-да’ветит-таммети“ (Аллаху мој, Господару на овој совршен повик) – се мисли на зборовите на езанот со кои се повикува на обожување на Аллах и на воспоставување на намазот, „ет-таммети“ (совршен повик) – повик кон Аллаховото едноштво и потврда на објавата што ја испратил, „вес-салатил-каимети“ (и на намазот чие време е сега) – се однесува на намазот што постојано ќе се воспоставува, „ати Мухаммеденил-весилете“ (дај му го на Мухамед посредништвото) – подари му го на Мухаммед високиот степен во Џенетот, кој не му прилега никому освен нему, салаллаху алејхи ве селем, „вел-фадилете“ (и добрината) – степен што е над сите останати созданија, „веб’асху мекамен махмуденил-лези ве’адтеху“ (и оживеј го на достојното место кое си му го ветил) – подигни го на пофалното место каде што оној што ќе застане, ќе биде пофален, а тоа е големото застапништво на Судниот ден, „ел-лези ве’адтеху“ (кое си му го ветил) – во согласност со Аллаховите зборови: „Господарот твој на оној свет ќе ти го подари местото достојно за благодарност.“ (Ел

Исра, 79) што му припаѓа само нему, Аллаховиот спас и мир нека се над него. Оној кој ќе ја изговори оваа дова, ќе го заслужи и ќе му биде загарантирано застапништвото (шефатот) на Божјиот пратеник, Аллаховиот спас и мир нека се над него, на Судниот ден.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/10635